Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија – Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore,
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut – Shkup

МЖИ-12-ЗП-05

# Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје за 2021 година

Содржина: Страна

1. Основни податоци ....................2
2. Организациона шема ....................3
3. Мапа на железничка мрежа....................4
4. Кратко резиме на работењето во 2021....................5
5. Капацитети во железничката инфраструктура....................6
6. Вонредни настани....................10
7. Пристап кон железничка инфраструктура....................11
8. Реализација на возен ред....................13
9. Обем на реализиран сообраќај....................15
10. Вработеност....................19
11. Плати....................21
12. Инвестиции....................23
13. Обрасци за финансиско известување ....................28
14. Неплатени побарувања и неизмирени обврски....................41
15. Прилози ....................47

## 1.Основни податоци

**Јавно претпријатие за железничка инфраструктура**
**Железници на Република Северна Македонија- Скопје**
**Ул.Јордан Мијалков бр.50-б Скопје-Центар**
**Основач/сопственик Влада на Република Северна Македонија**
**Основна главнина: 29.720.532.895,00 денари**
**Основна дејност на претпријатието:**
Управување, изградба, реконструкција, ремонт, одржување, заштита на железничката инфраструктура, обезбедува пристап и користење на железничката инфраструктура, врши организирање и регулирање на железничкиот сообраќај.

**Органи на претпријатието се:**
Управен одбор
Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење
Директор на претпријатието

**Управувањето на друштвото е преку Управниот одбор** кој е составен од 5 членови кои ги именуваше Владата на Р.Северна Македонија и кој учествува во управувањето и креирањето на политиката на на друштвото.

**За вршење контрола на материјално-финансиското работење на претпријатието се формира Надзорен одбор за контрола** на материјално-финансиското работење кој работеше во состав на 4 члена, кои ги именуваше Владата на Р.Северна Македонија.

**Со претпријатието раководи Директорот на Претпријатието** кој го избира и разрешува Управниот одбор, и одговара пред него за својата работа.

Претпријатието има својство на правно лице и во правниот промет настапува самостојно.

## 2. Организациона шема



# 3.Мапа на железничка мрежа



## 4.Кратко резиме на работењето во 2021 год.

| Р. бр. | Индикатори на работење | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| 1. | Возни км.патнички сообраќај | 887,36 | 894,99 |
| 2. | Возни км.товарен сообраќај | 573,91 | 639,06 |
| 3. | Возни км.локомотивски сообраќај | 137,50 | 128,70 |
| 4. | Вработени | 904 | 870 |
| 5. | Продуктивност (илјади возни км./број на вработени) | 1,77 | 1,91 |
| 6. | Инвестиции | 303,84 мил.ден | 695,02 мил.ден |
| 7. | Вкупни приходи | 780,52 мил.ден. | 869,55 мил.ден. |
| 8. | Вкупни расходи | -1,103,11 мил.ден. | -1,168,75 мил.ден. |
| 9. | Загуба | -322,59 мил.ден. | -299,20 мил.ден. |
| 10. | Данок на добивка | 0 мил.ден. | 0 мил.ден. |
| 11. | Загуба по оданочување | -322,59 мил.ден. | -299,20 мил.ден. |
| 12. | Загуба/добивка без амортизација | +156,15 мил.ден. | +127,84 мил.ден. |
| 13. | Working Capital<br>Работно расположлив капитал<br>(тековна актива минус тековна пасива) | -38,02 мил.ден | -569,58 мил.ден |
| 14. | Working ratio<br>Работен коефициент(оперативни расходи минус амортизација/оперативни приходи | 0,79 | 0,86 |
| 15. | Current Ratio<br>Коефициент на општа ликвидност<br>Тековна актива/тековна пасива | 0,97 | 0,67 |
| 16. | Економичност (вкупни приходи/вкупни расходи) | 0,71 | 0,74 |

# 5. Капацитети на железничка инфраструктура

| | ГРАДЕЖНА ДОЛЖИНА (км) |
|---|---|
| ВКУПНО КМ. | 683* |
| | |
| МАГИСТРАЛНИ ПРУГИ | 278 |
| ОСТАНАТИ ПРУГИ | 405 |
| 0-1 Прв ред | 250 |
| 0-2 Втор ред | 155* |
| | |
| ЕДНОКОЛОСЕЧНИ ПРУГИ | 683* |

| ДОЛЖИНА НА ЕЛ.ПРУГИ 25 КВ ВО КМ | ГРАДЕЖНА ДОЛЖИНА (км) |
|---|---|
| М-Г Магистрални главни | 234 |

| КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПРУГИТЕ СПОРЕД НАЈГОЛЕМА ДОЗВОЛЕНА БРЗИНА | |
|---|---|
| ДОЗВОЛЕНИ БРЗИНИ | ГРАДЕЖНА ДОЛЖИНА км |
| до 60 км/час | 208* |
| 61-70 км/час | 61 |
| 71-80 км/час | 90 |
| 81-90 км/час | 65 |
| 91-100 км/час | 259 |
| ВКУПНО КМ | 683 |

| СЛУЖБЕНИ МЕСТА | |
|---|---|
| СТАНИЦИ | 51 |
| Патнички | 1 |
| Товарни | 3 |
| Мешовити | 46 |
| Ранжирни | 1 |
| КРСТОСНИЦИ | 6 |
| ОТПРЕМНИШТВА | 3 |
| РАСПАТНИЦИ | 4 |
| ТОВАРИШТА | 1 |
| СТОЈАЛИШТА | 58 |
| ДЕПОА | 0 |
| ДРЖАВНИ ГРАНИЦИ | 4 |
| ВКУПНО | 127 |

*за пругата Битола – Кременица се чека употребна дозвола

Железничката инфраструктура во поглед на пругите се состои од 683 км. отворена пруга од кои 227 км станични колосеци. Пругите се од јавен карактер, освен индустриските. Сите пруги се од нормален колосек со ширина 1435 мм.
Од вкупната должина на пругите на ЈП ЖРСМ Инфраструктура -Скопје има електрифицирани 234 км. отворена пруга и 90 км. станични колосеци што изнесува 33,5% во однос на должината на отворена пруга.

На територијата на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје има 132 патни премини во две нивоа и вкупно 292 патни премини во ниво. Нивното осигурување е 82 со автоматска сигнализација, со друмски сообраќајни знаци 202, со браници на рачен погон 3, без браник 1 и 3 патни премини се чувани со чувари.
За остварување на функцијата на превоз има 127 службени места за прием и отпрема на патници и стока од кои 51 се станици (патничка 1, товарни 3, мешовити 46 и ранжирна 1).
Железничката мрежа на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје е составен дел на мрежата на Пан-Европските коридори кои поминуваат низ Република Северна Македонија и тоа Коридор 10 и 10д како и дел од Коридорот 8.

## А. СОСТОЈБА НА КОРИДОР 10 И КРАКОТ НА КОРИДОР 10д

Железничката пруга од Коридор 10 од Скопје до Гевгелија е изградена во 1873 година, а Скопје-Табановци во 1887 година. Железничката линија е наменета за мешовит сообраќај (патнички и товарен). Главната железничка линија од Коридор 10 која поминува долж Република Северна Македонија има вкупна должина од 214,9 км и се состои од следниве главни делници:

- Табановци – Скопје : 49,0 км,
- Скопје – Велес : 50,9 км,
- Велес – Гевгелија : 115,0 км.

Во текот на 2013 година на Коридорот 10 беа пуштени во употреба ремонтираните делница Миравци-Смоквица и Табановци-Куманово, а во текот на 2014 год. продолжија градежните работи за Ремонт на третата најдолга делница Ногаевци-Неготино кои се очекува да завршат најдоцна до 2023 година со што ќе биде реализирана целосна рехабилитација на Коридорот 10 и доведување на пругата во состојба за брзина од 120 км/час.
- **Стабилни постројки за електровлеча и контактна мрежа**
Линиите Табановци-Скопје, Скопје-Велес и Велес-Гевгелија се електрифицирани со ситем 25Kv/50Hz со сигуросен контролен систем тип СИМЕНС, на 25 станици со автоматски блок.
За функционирање на контактната мрежа постојат постројки за електровлеча: Електровлечни потстаници (ЕВП), Постројки за секционирање (ПС) и Постројки за секционирање со неутрална секција (ПСН). Електрифицираната пруга е опремена со уреди за телекоманда со постројки за електровлеча.
-**Сигнално-сигурносни уреди**
Со електрорелејни сигнално сигурносни уреди се опремени сите станици на магистрална пруга Табановци-Гевгелија (Коридор 10).

Железничките станици на коридор 10 се вклучени во систем на телекоманда за регулација на сообраќај и се опремени со систем за видео надзор кој што е потребен за заштита од кражби на станичните СС постројки, патните премини и АПБ постројките со што се спречени поголеми штети и пореметувања во одвивањето на сообраќајот.

-**Телекомуникациони постројки**

Долж магистралната пруга Табановци-Гевгелија во функција е подземен бакарен сигнално телекомуникациски кабел кој е преносен медиум за сигналните постројки, диспечерските телефонски уреди со централниот диспечер за влеча и дел од преносниот пат во ИП телефонијата за телекомандата на сообраќај.

Новите системи за телекомуникација , мултиплексните уреди на коридор 10 и 10д го користат оптичкиот кабел како преносен медиум. Меѓу чворовите Табановци, Трубарево, Скопје, Волково, Велес Неготино, Гевгелија, Прилеп и Битола функционира СТМ-64. , а на меѓустаничните растојанија СТМ-1 и СТМ-4 .

ИП телефонијата со мрежата од рутери и свичеви овозможува покрај телефонијата функционирање на ИТ мрежата и видео надзорот. Во 2014 година заради поголема безбедност системот за телекоманда на сообраќајот е одвоен од ИП телефонијата и е поврзан директно на мултиплексниот систем за пренос. Во 2020 година за поголема безбедност на станиците од Табаноци до Скопје е пуштен видео надзор за свртнички грла.

Кракот од Коридорот 10, започнува од Велес, преку Битола се поврзува со Република Грција на граничниот премин Кременица на територија на Република Македонија, односно Ники на територија на Република Грција.

Вкупната должина на кракот изнесува 146 км од кои :

- Велес - Битола 129,3 км
- Битола -Кременица 16,7 км(завршена реконструкција треба да се добие употребна дозвола)

Во текот на 2021 година со помош на средствата од ИПА е завршена реконструкцијата и рехабилитацијата на пругата Битола-Кременица и истата треба да биде предадена на користење.

Пругата Велес-Битола е опремена со механички и електромеханички сигнално сигурносни уреди, освен железничка станица Битола која е опремена со електрорелејни сигнално сигурносни уреди.

Пругата Прилеп-Битола е опремена со оптички кабел и станиците Прилеп и Битола се споени со мултиплекс уреди и ИП телефонија. И пругата Битола – Жабени ( Кременица) е споена со оптички кабел и мултиплекс уреди на која се поврзани и камерите од патните премини.

## Б. СОСТОЈБА НА КОРИДОР 8

Коридор 8 е железнички инфраструктурен коридор кој го поврзува исток со запад и е во должина од 313 км. но не е комплетно завршен. Само 154 км. (50% од вкупната должина) се изградени. Делот од Коридор 8 кој минува низ Р.С.Македонија е со должина од околу 313 км. и е поделен на 3 дела и тоа:

**1.** Источен дел-89 км.(пруга во изградба) Куманово - граница со Р.Бугарија
**2.** Централен дел-154км.(постојна пруга) Куманово-Скопје-Кичево,
**3.** Западен дел-70км.(Изработена тех.док. за Кичево-граница со Р.Албанија).

На 17 март 2014 година е отпочната градба на пругата Куманово- Бељаковци. Во текот на 2020 година е прекината градбата и раскинат е договорот за градба. Продолжување на работите се очекува во 2022 година по избор на нов изведувач, кога се очекува да отпочне и градбата на делницата Бељаковци-Крива Паланка.

-Стабилни постројки за електровлеча и контактна мрежа

На постоечкиот дел од Коридорот 8 на делницата од Скопје до Куманово во должина од 35,7км.пругата е електрифицирана , а за функционирање на контактната мрежа постојат постројки за електровлеча. Постои и системот за далечинска контрола и команда на Влеча на сообраќај (скада систем) овозможува целосна контрола на сите постројки на контактната мрежа долж електрифицираната пруга на Коридор 10. Тоа значи дека во секој момент дежурниот диспечер во центарот во Трубарево ке има увид во целокупната состојба за напојување на мрежата на МЖИ. Системот е автоматизиран и високо технолошки опремен за работа на преносен медиум на оптичката интегрирана мрежа на МЖИ:

Електровлечни потстаници (ЕВП), Постројки за секционирање (ПС), и Постројки за секционирање со неутрална секција (ПСН).Електрифицираната пруга е опремена со уреди за телекоманда со постројките за електровлеча.

-Сигнално сигурносни постројки

Со електро релејни сигнално сигурносни уреди се опремени станиците на Коридор 8 во делот на магистралната пруга од Скопје до Куманово, а исто така во овој дел од Коридорот 8 во употреба е Телекоманда на сообраќај.

На пругата Ѓ.Петров-Кичево, делницата Гостивар-Кичево е опремена со станични електро релејни сигнално сигурносни уреди, а делницата Ѓ.Петров-Гостивар е опремена со механички и електромеханички сигнално сигурносни уреди.

-Телекомуникациони постројки

На Коридорот 8 долж магистралната пруга во делот од Скопје до Куманово во функција е подземен бакарен сигнално телекомуникациски кабел кој е преносен медиум за сигналните постројки, диспечерските телефонски уреди со централниот диспечер за влеча и дел од преносниот пат во ИП телефонијата за телекомандата на сообраќај. .

Новите системи за телекомуникација , мултиплексните уреди на коридор 10 и 10д го користат оптичкиот кабел како преносен медиум. Меѓу чворовите Табановци, Скопје функционира СТМ-64. , а на меѓустаничните растојанија СТМ-1 и СТМ-4 .

Во 2020година е зголемен капацитетот на мултиплекс мрежата од Скопје до Гевгелија на 1гб.*-

ИП телефонијата со мрежата од рутери и свичеви овозможува покрај телефонијата функционирање на ИТ мрежата и видео надзорот. Во 2014 година заради поголема безбедност системот за телекоманда на сообраќајот е одвоен од ИП телефонијата и е поврзан директно на мултиплексниот систем за пренос.

-Системот за видеонадзор
Во 2021 година се направи проширување на системот за видеонадзор на места кои се од витално значење во сообраќајот односно на влезните и излезните свртници во станиците на делот од пругата Скопје- Велес. Со тоа се доби целосна контрола на станичниот дел од пругата со што се зголеми безбедноста во железничката инфраструктура.
-Резервно напојување на електротехнички постројки ЕВП, ПС и ПСН
Резервното батериjско напојување старо повеќе од 30 години го заменивме со безпрекидно напојување и извршено е поврзување и проширување на системот со цел да се зголеми безбедноста и сигурноста во железничкиот сообраќај.
Со набавката на УПС уредите за непрекидно напојување ќе се обезбеди стабилен напон на активната опрема на мултиплекс уредите, телекомандата за сообраќај, и електричната влеча, ИП телефонијата и ИТ мрежите како и на серверската опрема во ТК центарот во Трубарево и железничките станицо долж Коридорот 10 и 10д и Коридорот 8.
Исто така набавени се нови дизел агрегати со кои се заменети старите кои служат како резервно напојување на станиците сигнално-сигурносните и телекомуникациски постројки и уреди.
- Пренапонска заштита
За потребите на ЕТП извршена е набавка на систем за пренапонска заштита за да не дојде до хаварија во постројките.

# 6.Вонредни настани

Во текот на 2021 година на пругите на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје се случиле вкупно 45 вонредни настани во кои што усмртени се вкупно 5 трети лица, повредени 14 трети лица. Во овие 45 вонредни настани оштетени биле 6 моторни возила.

| Број на вонредни настани | | Последици од вонредни настани | | | | | | | | | | Број на Вонредни настани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Усмртени | | | | Повредени | | | | Оштетени моторни, Запр. воз.и добиток | Траење на прекинот Во сообр. во часови | |
| | | Патници | Железнички работници | Трети лица | **ВКУПНО** | Патници | железнички работници | Трети лица | **ВКУПНО** | | | |
| **Инциденти** | **1. На патн.возила на патен премин** | | | | | | | | | | | |
| | **2. На отвор.пруга и службени места** | | | | | | | | | | | **7** |
| **I. Вкупно (1+2)** | | | | | | | | | | | | **7** |
| **Несреќи** | **1. Судар на воз и маневар.состав** | | | | | | | | | | | **1** |
| | **2. Лизгање од шини на воз** | | | | | | | | | | | **14** |
| | **3. На патен премин** | | | | | | | | | | | **6** |
| | **4. Железн.возен парк во движење** | | | 5 | **5** | | | 14 | **14** | 6 | **16:00** | **7** |
| | **5. Пожари и друго** | | | | | | | | | | **13:00** | **6** |
| **II. Вкупно (1-5)** | | | | 5 | **5** | | | 14 | **14** | **6** | **29:00** | **34** |
| **Сериозни несреќи** | **1. Судар на воз и маневар.состав** | | | | | | | | | | | |
| | **2. Лизгање од шини на воз** | | | | | | | | | | | **1** |
| | **3. На патен премин** | | | | | | | | | | | |
| | **4. Железн.возен парк во движ.** | | | | | | | | | | | **3** |
| | **5. Пожари и друго** | | | | | | | | | | | |
| **III.Вкупно (1-5)** | | | | | | | | | | | | **4** |
| **Вкупно вонредни настани I +II+III** | | | | **5** | **5** | | | **14** | **14** | **6** | **29:00** | **45** |

# 7.Пристап кон железничка инфраструктура

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија број 80/2012) со членот 29 се предвидува „Приватно домашно или странско правно лице може да врши јавен железнички превоз на патници и стока согласно одредбите од овој закон по пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.“ , со што се ограничи користењето на железничката инфраструктура само од страна на единствениот железнички превозник ЖРСМ Транспорт АД- Скопје, и се намали можноста на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за остварување на поголеми приходи.

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на законот за железничкиот систем, Сл. весник на Р. Македонија бр.130/14 Владата на Република Северна Македонија ценејќи ја економската состојба на железничкиот пазар, овозможи на правни и физички лица „ превоз за сопствени потреби“ кој претставува превоз на сопствени влечни и влечени возила, превоз на стока наменета за дејноста а сето тоа за некомерцијални цели, како и превоз на материјали, опрема и делови за градба и одржување на железничката инфраструктура. Воедно овозможи и услуга „маневрирање“ која може да се овозможи и на правни и физички лица кои немаат статус на железнички превозник а ги исполнуваат условите од Законот за железничкиот систем, сето тоа да може правните и физичките лица на пругите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, да вршат преместување на вагоните од еден колосек на друг или на ист колосек поради поставување на истите за натовар, истовар или други технолошки операции. Во 2021г. немаше склучено договори за овозможување на претходно наведените услуги.

При изготвувањето на актите на Управителот на инфраструктурата во делот на пристапот кон железничката инфраструктура, имплементирани се Директивата 2012/34/ ЕУ на Европскиот парламент и Регулативата на комисијата (ЕУ) 2015/909.

Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје донесе Одлука за утврдување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура со што ја донесе Тарифата за минимален пакет на услуги, пристап по пруга до услужните објекти, користење на услужни објекти, дополнителнии помошни услуги за 2021 год. и надоместок за некористење на траси на возови и резервација на факултативни траси.

Тарифата за 2021 год. е изработена врз основа на предложената методологија изработена од страна на Консултантската куќа „Реалистик“, при што пресметката на трошоците на железничката инфраструктура, односно цените за користењето на железничката инфраструктура, користена е методата на директни трошоци, и земени се во предвид просечните директни единечни трошоци за возен километар и нивното моделирање (модулација), со цел да се земат во предвид различните степени на абење и искористеност на железничката инфраструктура .

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје како управител на инфраструктурата ги овозможува следните услуги:

***Минимален пакет на услуги кој се состои од***:

-Обработка на барањата за доделување на инфраструктурни капацитети - на железничкиот превозник му овозможува да влезе во постапка за доделување капацитети;

-Право за користење на доделен капацитет-на железничкиот превозник му овозможува сообраќај на возот по доделена траса;

-Користење на главни и отправно-приемни колосеци и свртници. Користењето на овие колосеци на доделените капацитети, нажелезничкиот превозник му овозможува да го врши сообраќајот на возот;

- Управување со сообраќајот на возовите, вклучувајќи ја сигнализацијата, регулирањето, планирањето на сообраќајот, договарањата поврзани со сообраќајот на возовите и овозможувањето информации за движењето на возовитенажелезничкиот превозник му овозможува да го изврши сообраќајот на возот;
- Други информации потребни за примена или користење на доделениот капацитет

***Пристап по пруга до услужни објекти и користење на услужни објекти се состои од користење на***

- службени места, нивните згради и објекти во патничкиот сообраќај
- товарни терминали
- ранжирни станици
- објекти за формирање на возови
- колосеци за гарирање на вагони
- вагонска вага
- постројки за намирување со вода
- други технички објекти

***Дополнителни услуги кои се состојат од обезбедување на :***

- услуги на прегледна служба
- услуги за превоз на особени пратки
- услуги за превоз на опасни материи
- маневрирање

***Помошни услуги кои се состојат од:***

- обезбедување на дополнителни информации (подготовка на придружни документи)

## 8.Реализација на Возен ред

Согласно објавата на мрежа која ја донесува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје како и согласно Законот за железнички систем, во утврдените рокови примени се барања за користење на капацитет, и согласно утврдените правила на доделување на капацитети Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје излезе во пресрет на барањата на барателите и го додели потребниот капацитет и изработи план за сообраќај - Возен ред за 2020/ 2021год. (Одлука на У.О бр.0201-5089/2 од 18.11.2020г.).

Во текот на извршувањето на возниот ред вон предвидените рокови за измени и дополнувања на истиот, добиени се и дополнителни барања за кои се доделени ад-хок траси.

Искористеноста на капацитетот на пругите со кои управува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје претставува реална слика за извршениот превоз од страна на единствениот железнички превозник како и од страна на управителот на железничката инфраструктура за извршување на инфраструктурни работи.

Искористеноста на капацитетот е поделена во неколку фази и тоа:

- Искористеноста на капацитетот од стана на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје заради изведување на инфраструктурни работи на пругата и инфраструктурните траси
- Искористеноста на капацитетот од страна на железничкиот превозник ЖРСМ Транспорт АД Скопје ( патнички сообраќај)
- Искористеноста на капацитетот од страна на ЖРСМ Транспорт АД Скопје ( товарен сообраќај)
- Искористеноста на капацитетот од страна на ЖРСМ Транспорт АД Скопје во делот на локомотивскиот сообраќај
- Вкупната искористеност на капацитетот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје

| Искористеност на капацитетот во 2021 год. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **корисник** | | **Прикажано по број на траси** | **прикажано во проценти** |
| 1 | **ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје** | затвори и инфрастуктурни траси | 4,759 | 2,29% |
| 2 | **ЖРСМ Транспорт АД** | Патнички сообраќај | 12,250 | 5,64% |
| | | Товарен сообраќај | 13,861 | 3,26% |
| | | Локомотивски пат. | 37 | 0,02% |
| | | Локомотивски тов. | 9,100 | 2,03% |
| | | Вкупно | 35,248 | 10,95% |
| **Вкупно искористеност** | | | **40,047** | **13,24%** |

Искористеноста во поглед на нарачаните траси од страна на железничкиот превозник ЖРСМ Транспорт АД како и од Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје е дадена во табела со тоа што има и дополнителни ад-хок нарачки спрема потребите во даден момент за реализација на сообраќајот.

| Искористеност на трасите во 2021 год. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **корисник** | | **порачан број на траси** | **искористен број на траси** | **ад-хок нарачки** | **прикажано во %** |
| 1 | **ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје** | инфрастуктурни траси | 7,223 | 6,872 | 125 | 92,56% |
| 2 | **ЖРСМ Транспорт АД** | Патнички сообраќај | 9,855 | 7,395 | 13 | 66,35% |
| | | Товарен сообраќај | 10,198 | 8,073 | 62 | 79,77% |
| | | Локомотивски сообраќај-патнички | 365 | 37 | 0 | 9,31% |
| | | Локомотивски сообраќај-товарен | 9,680 | 8,326 | 86 | 86,90% |
| | | Вкупно | 30,098 | 23,831 | 161 | 60,53% |
| **Вкупно искористеност** | | | **37,321** | **30,703** | **286** | **76,55%** |

## 9. ОБЕМ НА РЕАЛИЗИРАН СООБРАЌАЈ

Во периодот 01.01 – 31.12 2021 година на пругите на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје реализирани се 1,662.75 вкупно илј.возни км. и истите се зголемени за 4% во однос на минатата година. Во однос на планот се реализирани 77.36%.

**Реализирани возни километри 01.01 –31.12.2021 год**

| ВОЗНИ КМ. (000) | План 2021 | I -XII 2020 | I -XII 2021 | I -XII 2021/ План 2021 % | I -XII 2021/ I -XII 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пат.+ товарни** | 1,975.60 | 1,461.27 | 1,534.05 | 77.65 | 104.98 |
| **Лок.вкм** | 173.79 | 137.50 | 128.70 | 74.05 | 93.60 |
| **ВКМ.(000)пат.+тов.+лок.** | 2,149.39 | 1,598.77 | 1,662.75 | 77.36 | 104.00 |




### а) Патнички сообраќај

Во периодот 01.01 – 31.12 2021 година остварени се 894.99 илј.возни км. во патничкиот сообраќај и истите се зголемени за 0,86% во споредба со минатата година.

Патничкиот сообраќај во 2021 година се одвивал со 7,707 воза што е за 0,3% зголемување во однос на 2020 год. кога патничкиот сообраќај се реализирал со 7,684 воза. Ова мало зголемување се должи на тоа што има подобра искористеност на нарачаните траси од страна на одделението за патнички сообраќај при ЖРСМ Транспорт. Во 2021 година не сообраќаа возовите 334/335 на релација Белград - Скопје – Солун и обратно.

Во однос на планот за 2021 год реализирани се 82.34% од возните км.

Реализирани возни км. и број на возови во патничкиот сообраќај во 2021 год.

| Патнички сообраќај | План 2021 | I -XII 2020 | I -XII 2021 | I -XII 2021/ План 2021 % | I -XII 2021/ I -XII 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на возови | | 7,684 | 7,707 | | 100.30 |
| ВОЗНИ КМ.(000) | 1,086.92 | 887.37 | 894.99 | 82.34 | 100.86 |









## б) Товарен сообраќај

Во периодот 01.01– 31.12.2021 година остварени се 639.06 илј.возни км. во товарниот сообраќај и истите се зголемени за 11,35 % во споредба со минатата година. Ова зголемување во меѓународниот и внатрешниот товарен сообраќај се должи на подобра искористеност на трасите како и ад-хок нарачките. Сообраќајот се одвивал со 6,208 воза, што е за 13,78% зголемување во однос на 2020год. кога истиот се реализирал со 5,456 воза. Во однос на планот за 2021 год. реализирани се 71.91% од возните км.

**Реализирани возни км.и број на возови во товарен сообраќај во 2021 год.**

| Товарен сообраќај | План 2021 | I -XII 2020 | I -XII 2021 | I -XII 2021/ План 2021 % | I -XII 2021/ I -XII 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на возови | | 5,456 | 6,208 | | 113.78 |
| ВОЗНИ КМ.(000) | 888.67 | 573.91 | 639.06 | 71.91 | 111.35 |




Број на возови во товарниот сообраќај по месеци за 2021 год
600
400
200
0
535
397
578
541
466
589
589
545
532
505
407
524
Јануари
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември


Број на возови во товарниот сообраќај за 2021 год. споредено со 2020 год
9,500
8,500
7,500
6,500
5,500
4,500
5,456
6,208
2020 год
2021 год

# 10. ВРАБОТЕНОСТ

Во ЈП ЖРСМ. Инфраструктура-Скопје на ден 31.12.2021год. вкупниот број на вработени изнесува 870 работника. Во периодот од 01.01.2021 год. до 31.12.2021 год. од компанијата имало одлив на 61 вработени, од кои во старосна пензија заминале 42 вработени, во инвалидска пензија заминал еден вработен, четворица вработени починале на 10 им престанал работниот однос, четворица на лично барање ја напуштиле компанијата. Во компанијата има 27 нововработени, од кои 16 се на неодредено а 11 се на одредено работно време.

**Вкупно вработени во ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје на 31.12.2021 год.**

| ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје | 31.12. 2020г | 31.12. 2021г | Одлив на вработени | Примени во компанијата |
|---|---|---|---|---|
| Вк.вработени на неодредено време | 894 | 861* | 49 | 16 |
| Вкупно на одредено време | 10 | 9 | 12 | 11 |
| Вкупно вработени | 904 | 870 | 61 | 27 |

***од кои двајца вработени се на неплатено отсуство и**
**Директорот и заменик директорот се прикажами во вработени на неодредено време**

| *Вработени по квалификациона структура на 31.12.2021год.* | |
|---|---|
| I (НКВ) | 76 |
| II (ПКВ) | 26 |
| III (КВ) | 163 |
| IV (ССС) | 374 |
| V (ВКВ) | 91 |
| VI ( Виша) | 29 |
| VII-1(ВСС) | 95 |
| VII-2(Магистри) од кои 1 доктор | 16 |
| **Вкупно** | **870** |




| *Вработени по сектори на 31.12.2021 год.* | |
|---|---|
| Заеднички служби | 168 |
| Сообраќај | 273 |
| Пруги | 313 |
| ЕТ Постројки | 116 |
| **Вкупно** | **870** |




Вработени по квалификациона структура на 31.12. 2021
500
450
400
350
300
250
200
150
100
50
0
76
26
163
374
91
29
95
15
1
(НКВ)
(ПКВ)
(КВ)
(ССС)
(ВКВ)
Виша
(ВСС)
(Магистри)
(Докторат)


Вработени по сектори на 31.12.2021 година
1000
900
800
700
600
500
400
300
200
100
0
Заеднички служби, 168
Сообраќај, 273
Одржување на пруги, 313
ЕТП, 116

## П Л А Т И

Платите и надоместоците на плати во 2021-та година се пресметуваат и исплатуваат врз основа на : Законот за плати; Општиот Колективен Договор за Јавен сектор , Колективен Договор на ЈП МЖ под бр, 5029/1-2 од 20.04.2016-та година ; Законот за извршување на буџет на Република Македонија за 2021-та година (Сл. Весник на Р.С.М бр. 307 од 23.12.2020-та година).
Во периодот (I-XII)/2021-та година, движењето на бруто и нето платите е прикажано во табелите што следат :

| ОПИС | Бруто плата (I-XII)/2021г. | Нето плата (I-XII)/2021г. | Прос. плата (I-XII)/2021г. |
|---|---|---|---|
| **Сообраќај** | 152.771.570,00 | 98.866.617,00 | 29.960 |
| **Зоп** | 143.029.792,00 | 95.899.768,00 | 24.974 |
| **ЕТП** | 59.945.693,00 | 40.025.549,00 | 28.029 |
| **Дирекција** | 84.745.615,00 | 56.673.343,00 | 26.987 |
| **Вкупно** | **440.492.670,00** | **291.465.277,00** | **27.352** |

Просекот на Нето плата во 2021-та г. во износ од 27.352 денари
Исплатата на нето плати и просек на нето плати по квалификациона структура во периодот (I-XII)2021-та година, во компанијата ЈПЖИ-Железници на Р.С. Македонија-Скопје, е прикажана во следната табела :

ЈПЖИ- Железници на Р.С. Македонија-Скопје, просек на Нето плата за (I-XII)/2021-та година

| ОПИС | К в а л и ф и к а ц и и | | | | | | | | | Вкупно За(I-XII)./21 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I (нкв) Без.ос.об | II (пкв) | III (кв) | IV (ссс) | V (вкв) | VI (всс) | VII-1 Вис.с.с. | VII-2 Маг. | (VIII/1) Доктор. (директор) | |
| Плати | 1.549.969 | 685.021 | 4.250.959 | 10.025.195 | 2.931.142 | 994.547 | 3.303.327 | 458.429 | 89.987 | 24.288.576 |
| Враб.по ефек.час. | 71 | 28 | 171 | 375 | 99 | 30 | 99 | 14 | 1 | 888 |
| Просек | 21.830 | 24.465 | 24.859 | 26.734 | 29.607 | 33.152 | 33,367 | 32.745 | 89.987 | 27.352 |

Основната плата на директорот изнесува 78.762 денари, а на заменик директорот 69.913 денари.

| Период | реализирани средства за бруто плати 2021 година | | | | реализирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во редовен работен однос (претходна год.) | | планирани средства за бруто плати 2021 година | | | | | | | | планирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во ред. раб. однос (тек.год.) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | неопределено работно време | | определено време/АПВ | | | | неопределено работно време | | | | определено време/АПВ | | | | | |
| | износ (во ден.) | број на лица на крај на месецот | износ (во ден.) | број на лица на крај на месецот | износ (во ден.) | број на лица | износ (во ден.) | број на постојни вработени | број на нововработени | број на испразнети раб. места по било кој основ | износ (во ден.) | број на постојни вработени | број на нововработени | број на испразнети раб. места по било кој основ | износ (во ден.) | број на лица |
| јануари | 37,582,824 | 889 | 352,558 | 10 | | | 37,562,658 | 914 | | 7 | 594,000 | 15 | | | | |
| февруари | 35,053,437 | 888 | 335,297 | 10 | | | 35,745,840 | 912 | | 2 | 590,100 | 15 | | | | |
| март | 35,301,809 | 882 | 426,278 | 11 | | | 35,720,720 | 904 | | 8 | 590,100 | 15 | | | | |
| април | 35,269,763 | 880 | 421,020 | 11 | | | 37,790,550 | 945 | | 5 | 590,100 | 15 | 46 | | | |
| мај | 38,036,216 | 876 | 521,666 | 11 | | | 37,993,470 | 941 | | 4 | 590,100 | 15 | | | | |
| јуни | 35,793,050 | 870 | 423,155 | 11 | | | 37,530,615 | 936 | | 5 | 590,100 | 15 | | | | |
| јули | 34,622,065 | 870 | 329,120 | 10 | | | 37,297,150 | 934 | | 2 | 590,100 | 15 | | | | |
| август | 37,077,054 | 880 | 476,330 | 16 | | | 37,239,069 | 928 | | 6 | 590,100 | 15 | | | | |
| септември | 36,791,368 | 880 | 495,294 | 15 | | | 37,019,075 | 923 | | 5 | 590,100 | 15 | | | | |
| октомври | 36,906,794 | 871 | 489,140 | 15 | | | 36,715,665 | 919 | | 4 | 590,100 | 15 | | | | |
| ноември | 35,822,335 | 866 | 489,316 | 15 | | | 37,479,875 | 916 | | 3 | 590,100 | 15 | | | | |
| декември | 37,176,570 | 861 | 300,211 | 9 | | | 36,662,305 | 913 | | 3 | 590,100 | 15 | | | | |
| **вкупно** | 435,433,285 | | 5,059,385 | | | | 444,756,992 | | | 54 | 7,085,100 | | | | | |

## Реализација на инвестициите 01.01. – 31.12.2021 год. (во мил.ден)

| Р. бр | ОБЈЕКТИ | вредност на проектот | реализација заклучно со 31.12.2021 | Реализација на инвестициите 2021 год | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1.Инвестиции во тек | ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА | | | | НЕИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА | | | |
| | | | | Нето | Буџет | Сопствени | Заем | Грант | Буџет | Сопствени | Заем | Грант |
| | **Реконструкција и градба на Коридор 8** | | | | | | | | | | | |
| | **Пруга Куманово-Бељаковци** | | | | | | | | | | | |
| 1.1 | Рехабилитација на пруга | 2,704.02 | 1,676.42 | 2.904 | | 2.904 | | | | | | |
| | Камата и трошоци на неповлечени средства заем од ЕБОР за фаза 1 | | 100.88 | **11.483** | | | | | | 11.483 | | |
| 1.2 | Надзор над рехабилитација на пруга | 99.90 | 99.14 | | | | | | | | | |
| | Грант | 165.80 | 165.80 | | | | | | | | | |
| 1.3 | Експропријација на земјиште на пруга-фаза 1 | 43.48 | 34.64 | **0.623** | 0.623 | | | | | | | |
| | Стара експропријација Куман.-Бељ.-К.Паланка | 212.25 | 212.25 | | | | | | | | | |
| | **Пруга Бељаковци-К.Паланка** | | | | | | | | | | | |
| 1.4 | Реконструкција и градба | 150.14 | 133.29 | | | | | | | | | |
| | Камата и трошоци на неповлечени средства и провизија заем од ЕБОР за фаза 2 | | 393.93 | 393.930 | | | | | | 393.930 | | |
| 1.5 | Надзор над рехабилитација на пруга | | | | | | | | | | | |
| 1.6 | Експропријација на земјиште на пруга-фаза 2(проценка и вештачење, налог и судски такси) | 45.00 | 41.24 | 37.656 | 37.656 | | | | | | | |
| | **Пруга К.Паланка-граница со Р.Бугарија** | | | | | | | | | | | |
| 1.7 | Основен проект за изградба на пруга К.Паланка граница со Р.Бугарија | | 209.07 | 209.069 | | | | 209.069 | | | | |
| 1.8 | Учество во подготвување одговор по забелешка на инфраструктурниот проект | | 0.12 | 0.122 | | | | | | 0.122 | | |
| | **Коридор 10** | | | | | | | | | | | |
| | **Пруга Табановци-Гевгелија** | | | | | | | | | | | |
| 1.9 | Набавена опрема за АПБ уреди Кукуричани-Криволак | 6.00 | 5.98 | 5.982 | 5.982 | | | | | | | |
| | **Коридор 10д** | | | | | | | | | | | |
| | **Пруга Битола-Кременица** | | | | | | | | | | | |
| 1.10 | Експропријација и адвокатски трошоци за пруга Битола-Кременица | 7.65 | 0.31 | 0.311 | | 0.311 | | | | | | |
| 1.11 | Изработка на извештај за верификација | | 0.02 | 0.020 | | 0.020 | | | | | | |
| **ВК.ИНВЕСТИЦИИ ВО ТЕК** | | **3,434.24** | **3,073.10** | **662.100** | **44.261** | **3.235** | **0.000** | **209.069** | **0.000** | **405.535** | **0.000** | **0.000** |

| | ОПРЕМА И ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 2.Набавка на осн.сред. и др.опрема | ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА | | | | НЕИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Сопствени | Заем | Грант | Буџет | Сопствени | Заем | Грант |
| | **Механизација и превозни средства** | | | | | | | | | |
| 2.1 | Теренски возила | 3.302 | | 3.102 | | 0.200 | | | | |
| | **Опрема** | | | | | | | | | |
| 2.2 | Проширување на систем за видеонадзор | 5.995 | 5.995 | | | | | | | |
| 2.3 | Резервно напојување | 11.000 | 11.000 | | | | | | | |
| 2.4 | Систем за напојување, УПС уреди за непрекинато напојување | 1.144 | 1.144 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.5** | Пренапонска заштита | 1.647 | 1.647 | | | | | | | |
| **2.6** | Набавка на дизел агрегат | 2.697 | 2.697 | | | | | | | |
| **2.7** | Набавка на климатизери за подружници | 0.565 | | 0.565 | | | | | | |
| **2.8** | Набавка и монтажа на рампа за патен премин | 0.063 | | 0.063 | | | | | | |
| **2.9** | Набавка на софтвер за информациски систем за возен ред | 0.057 | | 0.057 | | | | | | |
| **2.10** | Набавка на друга опрема во инфраструктурата | 0.471 | | 0.320 | | | | 0.151 | | |
| **2.11** | Набавка на компјутерска и информатичка опрема,лиценци | 5.979 | | 2.639 | | | | 3.340 | | |
| **ВКУПНО ОПРЕМА** | | **32.920** | **22.483** | **6.746** | **0.000** | **0.200** | **0.000** | **3.491** | **0.000** | **0.000** |
| **ВКУПНО СЕ:** | | **695.020** | **66.744** | **9.981** | **0.000** | **209.269** | **0.000** | **409.026** | **0.000** | **0.000** |

**Вкупно Инвестиции за 2021 година се во износ од 695,02 мил.ден.**

- од кои камата и трошоци за неповлечени средства 11,483 мил.ден. се од Заем ЕБОР 42921 за пруга Куманово-Бељаковци фаза 1, и камата и трошоци за неповлечени средства се 393,930 мил.ден. од Заем ЕБОР 44175 за пруга Бељаковци-К.Паланка фаза 2. Кои се капитализираат ви инвестицијата согласно со МСС

**Реализација на инвестиции за периодот од 01.01.-31.12.2021**

**Вкупно .................................. 695,02 мил.ден.**

Од кои камата и трошоци за неповлечени средства заем ебор фаза 1 и 2 (405.413 мил.ден)

**I.Обезбедено од буџет 66,744 мил.ден. (9,60%)**

Исплатени 66,744 мил.ден.

**II.Обезбедено од сопствени средства 419,007 мил.ден. (60,3%)**

Исплатени 9,981 мил.ден.

Неисплатени (камата и трошоци за неповлечени средства заем ебор фаза 1 и фаза 2 ) 409,026 мил.ден.

**IV.Обезбедени од Грант 209,269 мил.ден. (30,1%)**

Исплатени 209,269 мил.ден.

**ВКУПНО : 695,020 мил.ден.**

Во текот на 2021 година инвестиционите активности на ЈП ЖРСМ Инфраструктура -Скопје беа насочени кон продолжување на процесот за експропријација на земјуштето и придружни елементи на пругата Куманово – Бељаковци-Крива Паланка , набавка на опрема и други основни средства.

## 1.Инвестиции во тек

**Коридор 8**

**<u>Пруга Куманово-Бељаковци</u>**

**1.1 Во текот на 2021 година сеуште беше прекината рехабилитацијата на пругата** Куманово-Бељаковци и во овој период се одвиваше процесот на евалуација на понудите добиени на објавениот тендер за продолжување на градежните активности на делницата, а се очекува склучување на договор со најповолниот изведувач и започнување на градбата во 2022 година. Во текот на годината исплатени од сопствени средства 2,904 мил.ден. (утовар, транспорт и истовар на каменски материјал за станица Ново Куманово согласно склучена вонсудска спогодба).

За камата за повлечени средства и трошоци за неповлечени средства, средства кои се капитализираат во инвестицијата согласно со МСС пресметани се 11,48 мил.ден.

1.3 Во текот на годината за **експропријација на земјиште на пруга Куманово–Бељаковци** исплатени се 0,62 мил.ден. од наменската буџетската сметка за експропријација на претпријатието.

<u>Пруга Бељаковци-К.Паланка</u>

**1.4 По објавениот тендер за реконструкција и изградба на делницата Бељаковце-Крива Паланка** во текот на годината траеше процесот на евалуација на понудите со што се очекува склучување на договор со најповолниот изведувач и започнување на градбата во 2022 година. **За камата и трошоци на неповлечени средства од заемот од Ебор за проектот** Реконструкција и градба, фаза 2-делница Бељаковци-Крива Паланка пресметани се 393,930 мил.ден., средства кои се капитализираат во инвестицијата согласно со МСС се додека на се пушти објектот во употреба.

**1.6 За потребите за експропријација на земјиште на пруга Бељаковци -Крива Паланка** исплатени се 37,66 мил.ден. од наменската буџетската сметка за експропријација на претпријатието.

<u>Пруга К.Паланка-граница со Р.Бугарија</u>

1.7 За **изработка на основниот проект** на железничкиот Коридор 8, делница К.Паланка-граница со Р.Бугарија преотстапена е техничката документација од Министерството за финансии во износ од 209,07мил.ден. средства кои се обезбедени од ИПА.

**1.8 За консултанска услуга во подготвување одговор и отклонување на забелешките дадени за инфраструктурниот проект** за пругата К.Паланка-гр со Р.Бугарија реализирани се 0,122 мил.ден. обезбедени од сопствени средства.

**Коридор 10**

<u>Пруга Табановци –Гевгелија</u>

1.9 **За набавената опрема за АПБ уреди** се реализирани 5,982 мил.ден. со кои ќе се заменат украдените работи од опремата на дел од пругата од Кукуричани-Криволак, средства обезбедени од буџетот на РСМ.

**Коридор 10д**

<u>Пруга Битола- Кременица</u>

**1.10 За потребите за експропријација на земјиште** на пруга Битола-Кременица реализирани се 0,31 мил.ден. кои се исплатени од сопствени средства.

**1.11 За изработка на извештај за верификација**-на железничка пруга Битола-Кременица реализирани се 0,02 мил.ден. од сопствени средства.

## 2. Набавка на основни средства

### Механизација и превозни средства

**2.1 За набавка на 4 теренски возила** потребни за одржување на железничката инфраструктура реализирани се 3,3 мил.ден. при што 3,1 мил.ден се исплатени од сопствени средства а 0,2 мил.ден. се средства од Грант.

### Опрема

**2.2** За да се прошири **системот за видео надзор** и на места кои се од витално значење во сообраќајот односно на влезните и излезните свртници во станиците на делот од пругата Скопје - Велес се реализирани и исплатени 5,995 мил.ден. средства од буџетот на Р.С. Македонија.

